**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

***Барање за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела***

Кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела, кон барањето се поднесуваат следниве докази:

1. Административна такса од 1500,00 денари,
2. Извод од урбанистички план или урбанистичка планска документација со дефинирана градежна парцела, кој до денот на поднесувањето не е постар од 6 месеци,
3. Геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела,
4. Имотен лист кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена, со запишано право на сопственост на подносителот на барањето, за градежното земјиште кое претставува над 30% од градежната парцела,
5. Имотен лист за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена,
6. Уверение за историски преглед на извршените запишувања во Агенцијата за катастар на недвижностите за предметното градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за периодот од кога е востановен катастар на земјиште во катастарската општина, со идентификација на катастарска парцела и катастарска општина, кое до денот на поднесувањето не е постаро од 6 месеци,
7. Имотен лист за објектот доколку градежното земјиште претставува градежно изградено земјиште, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена
8. Доказ за регистрација доколку подносителот на барањето е правно лице, односно фотокопија од лична карта или патна исправа ако односител на барањето е физичко лице.

- Доколку во рамките на градежната парцела има повеќе сопственици на земјиштето, барањето може да го поднесат сите сопственици кои имаат повеќе од 30% сопственост од градежната парцела или може да го поднесе и само еден од сопствениците кој има повеќе од 30% сопственост од градежната парцела, со приложување на изјава заверена на нотар со која останатите сопственици на градежната парцела се откажуваат од правото да бидат подносители на барањето.
- Барањето заедно сите документи кои се бараат во истото се поднесуваат електронски преку информацискиот систем на **www.gradezno-zemjiste.mk** во pdf формат прикачени и електронски потпишани.
- Во случај да барателот или барателите имаат овластен полномошник во информацискиот систем на **www.gradezno-zemjiste.mk,** потребно е да достават специјално полномошно на нотар заверено каде лицето кое ќе се овласти и чиј дигитален сертификат е потпишано барањето во информацискиот систем за градежно земјиште, а ќе се однесува на целокупната постапка за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, од поднесување на барањето, примање на акти, потпишување на докази, откажување од правото на жалба, склучување на договор, поднесување на даночна пријава и солемнизација на договор.

**Административна такса за поднесување на барање во износ од 1500.00 денари**

УПЛАТА НА ЖИРО СМЕТКА
НАЗИВ НА ПРИМАЧ: **Трезорска сметка – Буџет на Општина Центар**
БАНКА НА ПРИМАЧ: **Н.Б.Р.М.**
СМЕТКА: **100000000063095**
УПЛАТНА СМЕТКА: **840-182-03182**
ПРИХОДНА ШИФРА: **722315 и ПРОГРАМА: 00**
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: **Административна Такса**